| | |
|---|---|
| Предмет | ЗДРАВСТВЕНА НЕГА И ИЗУЧУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА НЕГА |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломирана мед.сестра/техничар |
| Код | СМ С/Т-111 |
| Студиска година | Прва |
| Семестар | Први и Втори |
| Вкупно часови | 770 |
| Кредити | 26.5 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Нема |
| Изведува | Проф. д-р Марија Шољакова и соработници |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Марија Шољакова |
| Адреса: | КЦ, КАРИЛ, Водњанска 17, Скопје, Тел. +389 2 31 47 039<br>e-mail: mssoljakova@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за медицински сестри и техничари, професионални предмети, изучување на здравствена нега |
| Учебни цели | ➢ Да се запознае со основите начела на сестринската професија и негата како нејзин составен дел<br>➢ Да ја развие свеста и да се здобие со одговорност за сопственото здравје, како и да ја научи важноста на здравјето на индивидуалецот и општеството<br>➢ Да ја научи важноста на здравствената нега за време на лекувањето<br>➢ Да ја научи улогата на медицинската сестра/техничар во текот на здравствената нега и да ги прифати принципите на работа со пациенти<br>➢ Да го употреби теоретското знаење од здравствената нега во изведувањето на негователските интервенции<br>➢ Да ги совлада современите концепти и методи на работа во доменот на здравствената нега<br>➢ Да се научи да работи во група и како дел од здравствениот тим<br>➢ Да го усвои хуманиот и одговорен начин на работење и позитивен професионален идентитет |
| Кратка содржина | Теоретска настава (75 часа):<br>➢ Што е здравствена нега-дефиниции, значење и историски развој како професија<br>➢ Здравствена нега како интегрален дел на здравствениот систем<br>➢ Медицинска сестра/техничар: профил на професија, одговорност кон сопственото здравје, персонален и професионален развој<br>➢ Професија на медицинска сестра/техничар: цели, функции и поле на работа<br>➢ Здравствена нега и здравствен тим<br>➢ Теории и модели на здравствена нега<br>➢ Науката и здравствената нега (поле на истражување)<br>➢ Здравствена нега и нејзиниот однос кон здравјето и болеста<br>➢ Нивоа на активности и превенција<br>➢ Современ пристап кон здравјето и здравствената нега-цели на СЗО, интердисциплинарен и мултидисциплинарен приод<br>➢ Основни методи на работа во доменот на здравствената нега-процес на здравствена нега:<br>проценка на психички, физички и социјален статус на клиентот од аспект на здравствена нега (методи на проценка, неговатeлна анамнеза, неговатeлна дијагноза) професионална комуникација имплементација на |

| | |
|---|---|
| | здравствена нега континуитет на здравствена нега евалуација на ефикасност на здравствена нега документација во здравствена нега стандарди во здравствена нега одржување на квалитет на здравствена нега<br>**Интервенции во здравствена нега во однос на:**<br>⇒ прием на болен<br>⇒ документација<br>⇒ трансфер<br>⇒ испис<br>⇒ партиципација во дијагностичко, терапевтски и<br>⇒ рехабилитациони програми<br><br>**Семинари (25 часа):**<br>⇒ Студентите се учат да работат во група и да ги проверат своите теоретски знаења од предклиничките предмети<br>⇒ Студентите се оспособуваат да ги издвојат актуелните проблеми при работа во група<br>⇒ Студентите се учат постепено да решаваат проблеми по принципот на ретроградно проверување<br>⇒ Студентите се учат да го развиваат чувството за работење во група (културата на говорење, невербална комуникација)<br>⇒ Во групата студентите си делат одговорни функции-улоги (се развива успешност, снаодливост, управување)<br>⇒ Присутноста на работна атмосфера (дискусија, критика, контрола во подготвување на упатства за работа во група).<br><br>**Вежби во училница за здравствена нега (110 часа):**<br>⇒ Примање на болен, отпуштање од болница, документација<br>⇒ Увид и контрола на околината<br>⇒ Одржување на околината и опкружувањето на болниот<br>⇒ Хигиена на болниот<br>⇒ Животни функции на болниот<br>⇒ Физички преглед и оценка на здравствената состојба на болниот<br>⇒ Хранење на болен<br>⇒ Помош на болен при физиолошки излачувања<br>⇒ Помош на болен при движење<br>⇒ Одржување на дишните патишта при лекување на болен со<br>⇒ кислород<br>⇒ Земање на примероци крв за анализа<br>⇒ Апликација на лекови<br>⇒ Подготвување на болен за дијагностички и терапевтски процедури<br>⇒ Придружба и транспорт на болен<br>⇒ Подготвување на умрен<br><br>**Пракса (560 часа):**<br>Праксата е задолжителна и се изведува на различни одделенија под водство на ментор-професор и мед.сестра одговорна за тој оддел. Студентот е должен да се вклучи во сите активности од подрачјето на основната здравствена нега во текот на полно работно време, при што води дневник за своите активности. |
| Организација | **Теоретска настава:** 75 часа<br>**Семинари:** 25 часа<br>**Вежби во училница:** 110 часа<br>**Пракса:** престој во тек на полно работно време (560 часа) |
| Методи на учење | Предавање, семинари, практично изведување |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:**<br>Студентот ќе се стекне со основни знаења за здравствената нега и теоретски ќе се подготви за едукативна дејност. |

| | |
|---|---|
| | **Клучни вештинии:**<br>Студентот ќе биде оспособен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаења. |
| **Специфични препораки за наставата** | Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењ ето за да добие потпис.<br><br>**Бодирање на активностите на студентот:**<br><br>(see table below)<br><br>* присуство на теоретска настава:<br>51% - 60% - 2.5 бода;<br>61% - 70% - 3 бода;<br>71% - 90% - 3.5 бода;<br>91% -100% - 4 бода.<br>** успешност на семинарите:<br>51% - 60% - 6.5 бода;<br>61% - 70% - 7 бода;<br>71% - 80% - 8.5 бода;<br>81% - 90% - 9 бода;<br>91% -100% - 10 бода.<br><br>*** практична настава: секоја вежба носи 0.1 бода (130 вежби):<br>присуство - 0.05 бод<br>активност на вежба - 0.05 бод<br>успешност на пракса:<br>51% - 60% - 9 бода;<br>61% - 70% - 10 бода;<br>71% - 80% - 10.5 бода;<br>81% - 90% - 11 бода;<br>91% -100% - 12 бода. |
| **Проверка на знаења** | **Континуирана проверка (колоквиум):**<br>Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската и практичната настава за да пристапи на континуираната проверка. Проверките се писмени (тест со повеќекратен избор). Студентот задолжително се јавува на колоквиум, во спротивно не стекнува право на потпис на крајот на семестарот.<br>**Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од четирите континуирани проверки кога се јавува на завршен испит. Доколку студентот положи еден , два или три од четирите колоквиуми се јавува на комплетен завршен испит. Доколку студентот не ги положи двата колоквиуми нема право да се јави на комплетен завршен испит.**<br>**Завршен испит:**<br>Студент кој ги положил четирите колоквиуми полага завршен испит (практичен). Се изведува во испитен-термин (јуни/јули и/или август/септември).Се состои од 3 задачи (вештини) што студентот треба да ги изведе.<br>Полагање на практичниот испит е дозволено само откако студентот ќе ја заврши праксата, ќе добие потпис на предметот и ќе освои минимум бодови од сите четири колоквиуми<br>**Комплетен завршен испит:**<br>Студентот полага комплетен завршен испит ако не освоил минимум бодови (60%) на еден, два или три од четирите колоквиуми. Испитот |

| Вид на активност | Бодови |
|---|---|
| Теоретска настава * | 2.5-4 |
| Семинари ** | 6.5-10 |
| Вежби *** | 15- 26 |
| Континуирани проверки -4 | 18-30 |
| Пракса | 9-12 |
| Практичен испит | 9-18 |
| Вкупно: | 60-100 |

| | |
|---|---|
| | претставува комбинација од колоквиумот што не е положен и практичниот испит. Студентот е должен најпрвин да го положи неположениот колоквиум, а потоа да пристапи кон полагање на практичниот испит.<br>Доколку студентот не го положи неположениот колоквиум, нема право да го полага практичниот испит, односно испитот не смее да се оценува.<br>**Оформување на целосната оценката:**<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги и континуираните проверки и практичниот испит.**<br>Положените колоквиуми како услов за полагање на завршен испит важат шест последователни сесии (без оглед дали студентот се јавил на испит), по што студентот го преслушува предметот<br>**ВОНРЕДНИ СТУДИИ:**<br>Се изведуваат 40% од предвидената теоретска настава и до 40% од предвидената ПРАКСА. Праксата се организира согласно договорот со студентите.<br>**Испитот се изведува во ИСПИТНИ СЕСИИ и се состои од** - тест со повеќекратен избор<br>- практичен испит (се изведува откако ќе се положи тестот, во спротивно важат истите правила како за редовните студенти).<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите активности.** |
| Учебни помагала | Основни:<br>Тијаниќ М, Ѓурановиќ Д, Рудиќ Р, Миловиќ Љ.Здравствена нега и савремено сестринство. Научна КМД, Београд 2002 (стр. 37-383)<br>Шољакова М. Авторизирани предавања.<br>Ѓорлука В, АлексиЌ Ж, Ќериќ М. Водич за медицински сестри и техничари.Београд, 2002. |